КАРПОШ УРБАН

Весник на локалната самоуправа
ноември-декември 2014
бр. 46-47 • година 6



СРЕЌНА НОВА 2015

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2009
ISSN 1857-6753

ЗДРАВИ КАКО БАНАНА, ЦРВЕНИ КАКО ЈАБОЛКО,
СЛАТКИ КАКО КРУША, ЦЕЛА ГОДИНА 2015

ОТВОРАЊЕ НА СЕДМА ПРОДАВНИЦА
Рузвелтова 68 (300 метри од Зоолошката градина)

FinoFrutti

ЗИМАТА ДОАЃА

MICHELIN
BFGoodrich tires
TIGAR

25% попуст

НАЈНИСКИ ЦЕНИ НА ЗИМСКИ ГУМИ

СЕРВИСНО-ПРОДАЖЕН
ЦЕНТАР ЗА ГУМИ

Олимпико

7°C

ВО ОВОЈ БРОЈ



ВЕТЕНО СТОРЕНО

ОПШТИНА НА ЦВЕЌЕТО 6



ПРВИОТ СНЕГ

КАРПОШАНИ ФОТОГРАФИРААТ 12



ХУМАНОСТА НА ДЕЛО

ПРАЗНИЧНА АТМОСФЕРА ВО СЕКОЕ СЕМЈЕСТВО 18



ТРЕТО ДОБА

ПЕНЗИОНЕРИТЕ СПОРТУВААТ И НА ДОЖД 25



СПОРТОРАМА

ДВЕ ДЕЦЕНИИ „ВОДЊАНСКИ ЛИСИЦИ“ 31



Издава Општина Карпош
Ул. Радика бр. 9
1000 Скопје, Р. Македонија
тел.: 02 / 30-55-901
факс: 02 / 30-71-040
kontakt@karpos.gov.mk
www.karpos.gov.mk

Издавачки совет
Ристо Иванов
Зоран Костов
Димче Мешковски
Томе Груевски
Бојан Милошевски

Главен и одговорен уредник
Виолета Цветковска
vikipr@karpos.gov.mk

Редакција
Мила Глигорова
Ива Манова
Јоана Станиќ
Живко Трајановски

Технички уредник
Зоран М. Гулевски

Лектура
Ангелина Николовска
Живко Трајановски

Фотографија
Ива Манова
Амел Амед

Маркетинг
Александар Бошковски
Ивана Пендовска Вукашиновиќ
marketing@karpos.gov.mk

ИЗВЕСТУВАЊЕ

ДО ИМАТЕЛИТЕ/СОПСТВЕНИЦИТЕ НА ХАВАРИСАНИ ВОЗИЛА НА ТЕРИТОРИЈА НА ОПШТИНА КАРПОШ

ПОЧИТУВАНИ,

Ве известуваме дека во тековната 2015 година, од страна на Општина Карпош ќе се спроведе акција за отстранување на хаварисани возила поради попречување на одвивање на сообраќајот и нарушување на јавната чистота, согласно со Одлуката за отстранување на хаварисани возила од јавни површини на подрачјето на Општина Карпош- Скопје бр. 07-7312/3 од 27.10.2014 година и одредбите на Законот за безбедност во сообраќајот.

Доколку поседувате возило кое е хаварисано во смисла на член 2 став 1 алинеа 4 од Одлуката, односно, возило кое поради настаната хаварија или дотраеност не е во состојба да се движи со силата на сопствениот мотор како и оштетени и дотраени приколки (за кампување, носење товар и сл.) кои не се во состојба да се движат, **АПЕЛИРАМЕ** сами да си ги отстраните хаварисаните возила кои се во Ваша сопственост, со цел, да се избегнат понатамошни трошоци односно надоместок на услуга за отстранување на хаварисано возило кои ќе бидат на Ваша сметка.





Почитувани сограѓани,

Во мое име, и во име на Општина Карпош, Ви ја честитам Новата 2015 година и Ви посакувам многу здравје, лична среќа и благосостојба во Вашите семејства.

Со многу желби и оптимизам влегуваме во Новата 2015 година, и со искрени надежи, но и ветувања дека во неа ќе се потрудиме да направиме се она што ни остана недоправено во тукушто изминатата 2014 година. Да го доправиме она за што ни недостасуваше понекогаш време, понекогаш пари, но никогаш добра волја.

Сега, кога ги сумираме резултатите од сработеното во целата „стара“ 2014 година, навистина имаме со што да се пофалиме. Покрај сите турбуленции, успеавме да направиме и да завршиме неколку капитални објекти, да отпочнеме нови, а патем да не ги заборавиме ниту таканаречените рутински обврски, оние на кои не „притискаат“ граѓаните секојдневно, а кои Вам ви се од суштинско значење: некои комунални зафати, поправена улица, тротоар, нови паркинг места, неколку пристапни рампи, обнова на урбана опрема, засилено осветлување по улиците и слично.

Од капитални објекти, секако би го издвоил новоотворениот плоштад во Влае кој го нарековме „Делфина“, во спомен на нашата светски афирмирана спортиска и заслужен граѓанин Атина Бојаџи. Тоа беше објект во кој инвестиравме околу 500 илјади евра, но кој стана нов синоним за Карпош, место кое има не само урбанистичка намена , туку и социјална. Плоштадот стана „сврталиште„ и за стари и за млади и за родители и деца, за забава, рекреација, концерти, средби, прослави, прошетки, но и дружења и кратки одмори. Капитален проект ни беше и завршувањето на новата фасада на кулата број 12 на улицата Никола Русински наспроти трговскиот центар Сити Мол, со која се заокружи таа урбанистичка целина. Влеговме во поголеми инфраструктурни инвестиции за новата болница Филип Втори, каде што изградивме атмосферска, фекална канализација, работиме на водоводната мрежа. Со тоа, не само што ги исполнуваме нашите обврски, туку им праќаме и сериозни сигнали на сите потенцијални инвеститори дека во Карпош вреди да се инвестира и дека нашата општина е навистина пријателски настроена кон сите кои сакаат да живеат и да работат во неа.

Во ниту еден момент не ги заборавивме граѓаните кои најмногу очекуваат и имаат потреба од поддршка од страна на локалната власт. И покрај тоа што социјалната грижа е обврска на централната власт, Карпош, преку своето Одделение за социјална заштита, продолжи да реализира проекти и програми кои им го олеснуваат живеењето на луѓето кои се на социјалните маргини. Најчесто, тоа се семејства кои се западнати во финасиска криза поради невработеност или неспособност за работа, но и стари, болни и лица со посебни потреби на кои им се потребни финансиски средства за помагала, за лекови или едноставно за времено надминување на материјалните кризи. За нив, во неколку наврати, за Велигден, за Денот на општината и за Нова Година и Божиќ организираме хуманитарни акции, по кои им делиме хуманитарни пакети во храна и средства за хигиена , а на лицата со посебни потреби им даваме и еднократна финансиска помош.

Се разбира, не ги заборавивме и другите сегменти на општествено живеење, културата и спортот. Освен традиционалното Културно лето, преку цела година одржуваме ликовни изложби и хепенинзи, литературни читања и промоции на книги, музички настапи и натпревари пред се во училиштата, пригодни приредби во градинките. Спортот е основа за правилен развој на младата генерација и тука сериозно опстојуваме на востановените училишни спортски лиги во ракомет, фудбал, кошарка, одбојка за девојки и шах. Нашиот кошаркарски клуб „Карпош Соколи“, веќе стана, бренд и сериозен играч на спортската сцена во Карпош но и ширум државата. Она што не радува е што се што е вложено се враќа. Како општина, но и нашите сограѓани нижат успеси, се стекнуваат со меѓународни признанија и знаења, на шо сме посебно горди, посебно ако како локална власт сме дел од нивниот успех.

Такви убави моменти ви посакуваме и во следната 2015 година. Јас како градоначалник и Општината ширум Ви ги отвораме вратите за сите проблеми. Се надеваме во 2105 година и во нова Општинска зграда, но убавината и големината на зградата не се мери само според нејзините квадрати и изглед, туку и спо ред бројот на решени проблеми на нејзините сограѓани. Ви посакувам во Новата 2015 да имате што помалку грижи, а што повеќе успеси, радости и среќни моменти.

Нека ни е честита Новата Година и претстојните Божиќни празници,

Вашиот градоначалник, Стевчо Јакимовски

ОПШТИНА НА ЦВЕЌЕТО



Комуналното уредување на Карпош е лицето, односно огледалото на Општината. За него, покрај сите имања, немања, мора секогаш да се најдат средства. И се потрудивме:

Во делот на хортикултурното уредување во годината зад нас, на пет локации, плоштадот „Делфина“, кај Педагошка академија, кај кружниот тек, долж Партизанска и кај платото во Карпош 3, засадени се неколку илјади пролетни и есенсенски садници, украсни дрвца и грмушки. Така, во Влае, кај „Делфина“ засадени се 111 украсни дрвца и 9.000 пролетни и есенски цветови. Кај Педагошка, пак, засадени се 72 дрвца, а на кружниот тек, кај гимназијата „Георги Димитров“ 4.000 цветни садници. И на платото во Карпош 3 се засадени три дрвца и вкупно 9.000 садници цвеќе, додека „најукрасен“ дел од Карпош, секако е булеварот Партизански одреди со 115.000 садници цвеќе и 45 украсни дрвца. Нови локации кои се осветлени годинава се плоштадот „Делфина“ во населба Влае (поставени се 56 канделабри и нова инсталација) и јавната површина/паркинг просторот на улица Московска бр.5 (7 нови канделабри).

Во делот на одржување на јавното осветлување, во 2014 година извршени се 275 интервенции, при што се вградени 1.788 светилки од 70W и 78 светилки од 150W. Направен е и ископ за положување нов кабел, како и реконструкција на старите постојните линии во должина од над 2.500 метри на повеќе локации во општината.

Секторот за уредување на градежно земјиште и комунални работи успеа да отпочне и реализира над 30-тина капитални и помали објекти.



Поплочување на пешачка патека во ООУ Лазо Трповски



Реконструкција на крак од ул. Теодосие Синаитски – Новопроектирана улица 1 населба Жданец



Снегот не нè изненади: Багерот на „Анизор“ и 80 работници на Карпош веднаш излегоа на терен











Капитален објект кој е реализиран во 2014 е плоштадот "Делфина" заедно со фонтаната во населба Влае 2



Реконструкција на фасада на ул. Никола Русински бр.12



Хоризонтално и вертикално обележување на повеќе локации на територија на Општина Карпош



Изградба на летна училница во дворот на ООУ „Димо Хаџи Димов“



Заменети старите канделабри со целосно нови долж Кејот на Вардар



Водоводна мрежа на ул. Новопроектирана – 1 која ги поврзува ул. Бледски Договор и бул. 8ми Септември – населба Карпош 3



АДМИНИСТРАТИВЦИТЕ ДОНИРААА ЗА ДЕЦАТА БЕЗ РОДИТЕЛИ

Најмалите дечиња од приватната градинка „Сент Пол“ од една до шестодишна возраст, ги посетија административните простории на Општина Карпош и градоначалникот Стевчо Јакимовски. Целта на посетата беше да се соберат финансиски средства со кои ќе им се купат подароци на децата без родители за Новогодишните и Божиќните празници. Во оваа пригода, малите хуманитарци му испеаја божиќна песна на градоначалникот Јакимовски и му подарија од „волшебните цинцер колачиња“.

Во рамките на добротворната кампања „Биди причината за нечија насмевка“, вработените и родителите на децата од оваа приватна градинка, изработија новогодишни и божиќни колачи кои беа дел од хуманата акција. Со купувањето на колачите и донацијата, парични средства кои ќе се соберат ќе бидат наменети за купување едукативни и други видови материјали на децата без родителска грижа од Домот „11 Октомври“ од Скопје и Домот за доенчиња и мали деца од Битола.

На сличен начин, се одржа и новогодишен базар во холот на трговскиот центар „Скопје Сити Мол“, во организација на градинката „Сент Пол“ во соработка со Здружението за деца со аутизам. Паричните средства собрани од новогодишниот базар ќе бидат наменети и употребени во Здружението за деца со аутизам.

ПАРИЧНА ПОМОШ ЗА ЛИЦАТА СО ИНВАЛИДИТЕТ

Традиционално по петти пат, градоначалникот на Општина Карпош заедно со претседателот на Советот на општина Карпош, Сашо Лазаровски им доделија еднократна парична помош на лицата со инвалидитет. По повод 3 декември, Денот на лицата со хендикеп, оваа хумана донација за лицата со инвалидитет, со цел тие пригодно да ги дочекаат Новогодишните и Божиќните празници.

- Општина Карпош, оваа година, од општинскиот буџет издвои околу 300.000 денари, со тоа што ќе бидат поддржани околу 50 семејства, односно ќе им се помогне за подмирување на материјалните потреби. На ваков начин, сакаме да покажеме дека во-



диме грижа и за оние лица кои на кои здравствената и социјалната состојба им е влошена. Покрај редовните средства што ги издвојува локалната самоуправа за поддршка на вакви лица, повод е и 3 Декември, светскиот ден на лицата со инвалидитет– истакна во оваа пригода Градоначалникот Стевчо Јакимовски. Во иста насока, претседателот на Советот на Општина Карпош, Сашо Лазаровски, им посака среќни празници на лицата со посебни потреби. Тој посочи дека Советот едногласно одлучи да им се додели еднократна парична помош од 5.000 денари на семејствата кои имаат вакво лице.



НОВОГОДИШНИ БАЗАРИ ВО КАРПОШ

На барање на граѓаните на Карпош, локалната самоуправа и оваа година постави десетина новогодишни тезги на платото во Т.Ц. Карпош 3, Лептокарија. „Новогодишен базар на Карпош» ќе трае од 19 декември годинава до Божиќ, 7 јануари 2015 година. На него граѓаните на Карпош ќе може да пазарат новогодишни честитки, украси, балонии други дребулии со што ќе се збогати Новогодишниот и Божиќниот амбиент во Карпош. Општината, на продавачите тезгињата им ги издава бесплатно, со цел и локалната власт да придонесе за разубавувањето на празниците.

Новогодишните базари годинава ги „преплавија“ и основните училишта, па така, во холот на ООУ „Христијан Тодоровски Карпош” се одржа новогодишна продажна изложба од која собраните средства се наменија за набавка на нови современи нагледни средства и дидактички материјали со цел подобрување на квалитетот на наставата во ова училиште.

На ваквиот креативен предизвик и на предновогодишната еуфорија не оддолеаја ни децата од ООУ„Димо Хаџи Димов“. Учениците имаа можност на базарот да ги презентираат и да ги изложат за продажба изработените новогодишни честитки и најразновидните украси кои ги правеа заедно со родителите и со наставниците. Исто така, се продаваше и храна направена од самите ученици со сесрдна помош на родителите. Средствата ќе бидат наменети за оние на кои им се најмногу потребни.

Под мотото „Од раце наши, за новогодишни радости ваши“, се одржа и традиционалниот новогодишен базар во ООУ „Вера Циривири Трена“, Годинава тој беше наменет за проширување на соработ-



ката со родителите како и нивно активно учество во слободните ученички активности како дел од проектот на МОН. Сите вработени,учениците, родителите, бабите, дедовците и понекој љубопитен минувач ја почувствуваа атмосферата на предновогодишната купувачка треска.

М.Г.



ПРВИОТ СНЕГ **PHOTO BY:**


Кикац Јордановски


Емилија Дебарлиева


Весна Ѓоргиевска Василевска


Мери Узуновска


Дејан Марић


Баже Момировски


Катарина Живковиќ

УЧИЛИШТАТА ВО КАРПОШ ЗА ДЕНОТ НА ДРВОТО

Општина Карпош ја поддржа акцијата „Денот на дрвото-Есен 2014„ со тоа што “својата иднина“ ја засадија сите основни училишта и градинки на територија на Општината. Општинското основно училиште „Владо Тасевски“ со низа активности го одбележа есенското пошумување, кое традиционално, оваа година по 14-ти пат, се одржува на ниво на цела држава.

Учениците од осмо и деветто одделение, училишниот двор го збогатија со 60 зимзелени дрва, а пак основците од прво, второ, шесто и седмо одделение, одржаа настава преку која ги реализираа ЕКО содржините. Децата пак од трето до петто одделение, со своите наставници, ја проследија театарската претстава „Џон Пиплфокс“ во Драмскиот театар, со цел да научат како треба да се заштити морето од загадувачи. Основците од ликовната секција, изработуваа фигура со која што, ќе учествуваат на конкурост на „Пакомак“.

Денот на дрвото го одбележаа и во ООУ „Братство“ при што, се одржа заеднички, интегриран еко-час на учениците од седмо одделение заедно со наставниците по предметите биологија и географија, во соработка со партнер училиштето за МИО – ООУ „Вера Циривири Трена“. Овој час се водеше на тема „Растителниот свет во Република Македонија“. Како дел од традиционалната акција, учениците од петто до девето одделение, ги насадија садниците во училишниот двор. Овој ден беше од големо значење и за најмалите во ООУ „Братство“, односно за учениците од одделенска настава, од прво до петто одделение. Наставничките им организираа заедничка работилница за јакнење на еко-свеста кај децата додека се мали, преку изработка и пишување на еко-пароли и пораки кои ги истакнаа на изработените модели од дрвца.



И.М.



КАЈ ДА СИ ДА СИ, ВО КАРПОШ ДА СИ!

„Универзитетска“ прошетка по светот на еден карпошанец: „Мојот билет е секогаш повратен, а крајната дестинација е секогаш дома“

Како млад, во едно друго време и држава, чувството на припадност не ми значеше многу, па ветриштата можеа да ме однесат на различни страни од светот. Но, некако му одолеав на тоа време, одбрав професија, создадов семејство и им останав верен на родниот дом, населба, општина, град и татковина. А имав многу предизвици и примамливи понуди за да си заминам, кои никого не би го оставиле рамнодушен. Сепак...

ТРСТ Некаде на почетокот на деведесеттите кога веќе се чувствуваше мирисот на барутот на овие простори, патот ме однесе во Трст – градот на нашата „џинс мода“, кој на времето беше познат по култниот ponte rosso од каде по шверцерски канали си ја обновуваме гардеробата. Бев пријатно изненаден од другата страна на Трст. Град на науката со приградската населба Падричијано каде што се сместени најпроминентни научни центри во кои има што да се истражува. Град, во чија близина се наоѓа најдлабоката пештера во Европа Grotto gigante. Град со голем аквариум и прекрасен замок – Дуино. Се е тоа убаво, ама јас сепак се враќам дома.

ЊУ ДЕЛХИ Некоја година подоцна животот ме однесе во Индија. Земја на контрасти и апсурди. Земја во која го доживеав најголемиот гламур и во која ја почувствував најголемата сиромаштија. С на едно место. Престојував во една од најпознатите светски истражувачки институции во мојата област. Ги видов Таџ Махал, Кутминар, Баратпур, Red fort, Бахал темпл, гробот на великиот Ганди, се возев со рикша, бев на индијска свадба, научив многу, но сепак дома си е дома. За таму ми беа доволни неколку недели.

ВИТЕРБО Градот на Папите беше моја следна дестинација во која потрошив неколку месеци од животот. Кога одев по неговите улици како да газев по историја. Средновековен град ограден со голема тврдина и сега полн со студенти. Град, во кој заради близината до италијанската престолнина, се наоѓаше „местото за узбуна“ на Папите. Имено, секогаш кога ќе била загрозена безбедноста на светата сто-





LAPLAST-M

Момин Поток бб
1000 Скопје, Македонија
Тел: +389(02) 3097 007
Моб: +389(070) 291 007
Факс:+389(02) 3095 800
мејл: info@laplast-m.com.mk

лица, нејзините челници привремено се затскривале во градот кој има: палата на папите, бања на папите, плоштад на папите. Но, тој град сега е универзитетски град со еден од најдобрите универзитети во Италија. Таму ми се бендиса. Во еден период ми се придружи целото семејство и навистина уживав. Дури малку и се думав дали да останам и да истражувам, односно да работам. Но, некако срцето ми велеше поинаку.

ОСАКА Следна точка на планетата каде што поминаав повеќе месеци, беше огромната и многу далечна Осака. Град четири пати поголем од Македонија во држава во која се е ставено во ред. Дури и умовите на луѓето. Тоа беше време на многу ефективна работа. С е како на дланка, и ако сакаш и можеш, сите порти ти се отворени. Едно сурово општество во кое успешните трчаат напред, а оние кои не можат, државата ги провлекува за да проживеат еден, колку-толку, нормален живот. Дури и бездомниците од Даубутсен мае. Шинсаибаши би била наша улица Македонија, Нипонбаши би бил Битпазар, Сенри чуо би бил Карпош, а Онохара хигаши, мое Тафталиџе. Osaka Prefecture University беше мојот привремен универзитет кој овозможуваше убава перспектива. Но, некако ми се виде далеку и сурово, па решив повторно да си се приберам.

САРАЕВО Еее, Сараево е посебна приказна. Во тие две години колку што одев-доаѓав во Сараево, го почувствував како свој град. Лузните од неколкугодишната крвава и бесмислена војна сеуште го грдеа лицето на овој некогаш отворен град. Но, душата полека му се враќаше. Баш чаршија пресечена со Ферхадија, Бјелашница и Јахорина, Инает куќа, топлината на сараевските жители, навистина ми прирасна за срце. Стекнав многу пријатели меѓу колегите, влегов во системот на ЕУ за која работев, а не е за занемарување ни убавото неимарско чувство на создавање на нови генерации професионалци. Сараево и Стари град и понатаму многу ги сакам, но не толку колку Скопје и Карпош.

ЛУНД Шведскиот универзитетски град беше моја прва дестинација, ајде да речеме во развиениот свет во кој бев заминат за да „продавам“ памет. Мал град, колку Битола со многу познат и одлично рангиран универзитет на фамозната Шангајска листа. Во него се наоѓа еден од најубавите музеи на отворено во кој се поставени бројни куќи од различен период од развојот на шведската држава, почнувајќи од камено време. Со ќерка ми уживавме во неговата организираност и чистота, ама и покрај убавите можности не ни беше предизвик таму да ја градиме иднината на нашето цело семејство.

КОЛУМБУС И конечно ветената земја - САД. Добивајќи ја престижната Фулбрајтова стипендија како визитинг професор, решив една година од животот да поминам во Колумбус – Охајо. Во оваа



„мисија“ ми се придружи и синот, а еден краток период и целото семејство. Точно е дека шансите за успех таму се многу поголеми од тука, точно е дека перспективата на децата е подобра од тука, но сепак, тоа е земја во која секогаш ќе се чувствуваш како странец. Уживавме една година во одличниот образовен систем, особено синот, учествував во создавање на една генерација студенти, посетивме многу убави места (незаборавните водопади на Нијагара, градот кој пулсира - Њујорк, градот на кантри музиката – Нешвил, каде што одржав и предавање, Кливленд – градот на рок музиката каде што исто така предавав и многу други. Во таа година Колумбус беше нашето Скопје, а Апер Арлингтон нашиот Карпош. Но, не е исто, па конечната одлука беше иста како и претходните. Повторно си ги искористивме повратните билети.

ЕПИЛОГ Некој ќе рече, улав човек. Толку шанси, а тој се фатил како слеп за стап за Македонија, Скопје и Карпош. Дека не згрешив, ми потврдија речиси сите колеги и пријатели од градовите каде што престојував при нивната посета на Македонија. Особено се чудеа на уреденоста и чистотата во Карпош, на осветлените улици, на спортските терени, на кејот на Вардар, на отвореният дух на моите комшии и тукашни пријатели. Ништо помалку не беа импресионирани од убавината на природата и нејзиното разнообразие, од зелените пазари и од новите училишта за кои сметаа дека се исти, дури и подобри во споредба со нивните. А сепак, Стефано, Алесио, Акира, Мек, Томас, Барбел, Кари доаѓаат од Италија, Јапонија, Америка, Франција, Шведска и Финска. Печат на сево ова стави мојот колега од Ohio State University, Мекдоналд Вик кој помина три месеци во Македонија предавајќи им на моите студенти во Скопје, кој при заминувањето искрено ми призна „Сега знам зошто сакаше да се вратиш“.

Д-р Зоран Т. Поповски

Одбележана 70 - годишнината од ослободувањето на Скопје

ДОСТОИНСТВЕНО ЧЕСТВУВАЊЕ

Со голем број културни, хуманитарни и едукативни содржини, под мотото „70 години Скопје слободно чекори напред“, Градот Скопје ја одбележа 70-годишнината од неговото ослободување на 13 Ноември 1944 година.

По тој повод, градоначалникот, Коце Трајановски, се сретна со претставници на Градскиот одбор на СЗБ од НОАВМ, а потоа, делегации на државниот и на политичкиот врв на Р Македонија, Министерството за одбрана, Генералштабот на АРМ, Градот Скопје, општините, 12-та, 3-та и 16-та народнослободителна ударна бригада, на политички партии и здруженија на граѓани, како и на амбасадите на, Франција, Хрватска, Србија и Руската Федерција, положија цвеќе на Партизанските гробишта во Бутел, на гробот на командантот на Главниот штаб на НОВ и ПОМ, генералот Михаило Апостолски, и на Споменикот на ослободителите на Скопје. Меѓу делегациите кои положија свежо цвеќе беше и делегацијата на Општина Карпош, предводена од претседателот на Советот, Сашо Лазаровски.

Акцентот на достоинственото чествување на овој значаен датум од поновата историја на Македонија, за кој своите животи ги дадоа 96 партизани, од кои, десетина загинале во одбраната на Каменит мост, беше пред Споменикот на ослободителите. На ова место се собраа и дел од преживеаните борци од 42-та, 50-та и Кумановската дивизија, кои во неколкудневните тешки борби, координирани од командантот на Главниот штаб на НОВ и ПОМ, Михаило Апостолски, директно учествувале во ослободувањето на Скопје.

Во името на ослободителите на Скопје, пред присутните се обрати д-р Трајко Стаматоски, претседател на Градскиот одбор на СЗБ од НОАВМ „ 70 –годишнината од ослободувањето на Скопје, за нас, Македонците, е извонредно значаен настан бидејќи во него ја живееме својата прва вистинска слобода.

Јас сум денеска среќен човек, бидејќи на мојата генерација и падна задачата, заслугата и честа да го постигне тоа. Ги оствари оваа генерација стремежите на сите претходни генерации и го направи тоа исклучиво со сопствени сили. Свесна беше дека до вистинска слобода се доаѓа на таков начин. Без сопствена борба за слобода нема вистинска слобода“, истакна, меѓу другото, д-р Стаматоски.

За континуираниот развој на Скопје, кој со својот економски, образовен, научен и културен капацитет како главен град на Р Македонија има огромно значење и одговорност за вкупниот напредок **на нашата др**жава, говореше градоначалникот Трајановски, кој, притоа изрази благодарност кон сите коишто своите животи ги дале за слободата и за самостојна Р. Македонија.

Ж. Трајановски



СИСТЕМОТ НА ГЕОТЕРМАЛНИ ПУМПИ ЌЕ ГО ГРЕЕ И ООУ "ЛАЗО ТРПОВСКИ"

Со најновиот реализиран проект на Општина Карпош уште едно училиште ќе биде вклучено во користењето на обновливи извори на енергија.

Деновиве е завршен проектот за реализација и бајпас врската помеѓу топлотните подстаници на термалните пумпи за вода кои се користат за греење и ладење на административните бараки на општина Карпош, со котелската постројка за греење во ООУ" Лазо Трповски".Ова ќе се овозможи греењето во ООУ" Лазо Трповски" во режим на надворешни температури до -2 С ,и во месеците октомври,март и април целосно да биде на капацитетот на термалните пумпи.

Котелската подстаница на О.У" Лазо Трповски" ќе се вклучува само како дополна на системот за греење при екстремно ниски температури.Ова ќе овозможи заштеди на нафта за греење за ООУ" Лазо Трповски" како и максимално искористување на капацитетот на термалните пумпи.

Со овој проект се реализира и нов автоматски режим на работа при греење и ладење на административните бараки по крива на зависност на надворешната температура и поставените референтни вредности во просториите од административните бараки.

Проектот, исто така, ќе овозможи пасивно ладење во летниот период за административните бараки, со директно користење на бунарската вода како ладилен медиум и без вклучување во работата на термалните пумпи во режим на ладење. Со ова уште повеќе ќе се зголеми ефикасноста и ќе се намали потрошувачката на електрична енергија во топлинската подстаница со термални пумпи, што досега беше најубедливо ,најекономичен систем за греење во однос на сите останати.

Согласно програмата за енергетска ефикасност на Општината во почетокот на февруари ќе биде ставен во функција на новиот систем за греење со термални пумпи вода во ООУ "Вера Циривири Трена" , со што, уште еден објект ќе биде исклучен од прескапиот систем на централно греење и ќе користи обновливи извори на енергија .

Оваа инвестиција, од нешто помалку од четири милиони денари, ќе ги врати вложените средства за помалку од 2,5 години споредено со цените од централниот систем за греење, и сопственото греење со термални пумпи.

Љупчо Димов





ПРАЗНИЧНА АТМОСФЕРА ВО СЕКОЕ СЕМЈЕСТВО

Насмевки на лицата на членовите на социјално загрозените семејства, беа највпечатливи во урбаната заедница „Влае 1“ кадешто се делеа хуманитарни пакети.

Во рамките на 14-тата хуманитарна акција „Да бидеме хумани за нашите соседи“, граѓаните на Карпош и пошироко, претпоследниот викенд во декември имаа можност да дониираат трајни производи за весели празнични денови на овие семејства на територија на општина Карпош. Градоначалникот, Стевчо Јакимовски на крајот од месецот ги подели хуманитарните пакети и воедно ги израдува и најмалите членови од овие семејства со подарување новогодишни пакетчиња.

-Овие хуманитарни пакети се собрани од граѓаните на општина Карпош како и вработените во локалната самоуправа, за помош на оние граѓани кои се нашле во потешка материјална состојба. Нашата цел е со овие пакети, колку-толку, да може полесно да се поминат Новогодишните и Божиќните

САКАМ ДА БИДАМ...

Селектирај го отпадот од производите што ги користиш секој ден и фрлај го во соодветните канти за хартија, пластика, стакло или лименки.
Само ако ѝ помогнеме на амбалажата што има минато да има и иднина, ќе ја заштитиме природата.

СЕЛЕКТИРАМЕ И РЕЦИКЛИРАМЕ ЗАЕДНО!







ПАКОМАК
ДРУШТВО ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ПАКУВАЊЕ И ОТПАД ОД ПАКУВАЊЕ

GREEN DOT ЕКСКЛУЗИВНА ЛИЦЕНЦА НА ПАКОМАК ЗА МАКЕДОНИЈА

празници. Оваа акција продолжува и по празниците, бидејќи имаме околу 200 социјални семејства на територија на општина Карпош, а сега се собрани околу 120 пакети. Се надевам дека ќе успееме заедно со фирмите, граѓаните како и Општината, да може секое семејство да добие по еден пакет и скромно да се поминат претстојните празници.


-Се надеваме, дека ова што се случува кај одредени семејства е од времен карактер и дека лошото ќе помине и ќе дојдат подобри денови. – рече градоначалникот на Карпош, им посака Среќна нова година и Божиќни празници на сите православни христијани.

Општина Карпош ја краси епитетот најхумана и најсолидарна Општина. Локалната самоуправа ќе продолжи и понатаму со помошта од ваков тип со надеж дека еден ден сите граѓани на Карпош ќе живеат во добри и солидни услови. **М.Г.**









ЕКО-ПРОЕКТ НА ООУ „ЛАЗО ТРПОВСКИ“ НАГРАДЕН ВО ХАМБУРГ



На 16. меѓународен еколошки училиштен натпревар ГЕО 2014, еко-проект на ученици од IX-б одделение од ООУ „Лазо Трповски“ во силна конкуренција влезе меѓу дваесет и петте најдобри еко-проекти на натпреварот и поради својот неоспорен квалитет на крајот се пласира на високото осмо место.

Овој натпревар традиционално се одржува секоја година по повод Светскиот ден на биодиверзитетот, 15 јуни во Хамбург, Германија. Учениците на натпреварот учествуваа со истражувачкиот проект „Заштитата на пошумените површини на локалитетот Калимерово“.

Проектот беше координиран од двајца наставници во својство на ментори, Даниела Радевска и Стефан Симовски. Еко-проектот учениците го реализираа во соработка со експерти од УКИМ- Шумарски факултет во Скопје. Особено внимание кај стручното жири привлече начинот на пошумување со помош на соодветен воден апсорбент и подоцнежната заштита на пошумените површини со црн бор и багрем на локалитетот Калимерово.

По тој повод, Том Милер, раководителот на натпреварот ги упати следниве зборови: „На стручното жири составено од претставници на фондацијата „Хајнц Зилман“, книгоиздателството „Ернст Клет“ и од членови на редакцијата ГЕО, му беше потребно подолго време од вообичаеното за да ги разгледа пристигнатите проекти. Вашиот проект беше прекрасен, а поради својата актуелност и креативната форма на презентација, наиде на голем интерес кај претставниците на жирито. Затоа стручното жири соодветно го награди.“

Годинашниот натпревар во Хамбург беше на тема „Биолошката разновидност и заштитата на видовите“. Организатор на натпреварот е списанието ГЕО во соработка со Германското здружение за меѓународна соработка (GIZ) и еколошката фондација „Хајнц Зилман“.

На овој натпревар учествуваа околу 15.000 учесници од 10 европски земји со вкупно 600 проекти. Целосно завршениот проект во претходно зададената форма од страна на организаторот во Хамбург мораше да биде испратен на германски јазик. **И.М.**


Ballet ... it's the rhythm of your life
Адреса: Никола Парапунов бр 3А
(дтц. Карпош 4)
Телефон: 075 86 99 44
www.artballet.com.mk
e-mail: tamara@artballet.com.mk
Facebook: Art Ballet - Skopje
Art Ballet
ballet school

КАРПОШ ДОМАЌИН НА ФИНАЛЕТО ВО СПОРТСКИ БОН-ТОН ЗА 2014

Карпош, која го носи епитетот „најспортска општина“, беше домаќин на големиот спортски настан „Спортски бон-тон“ по иницијатива и покровителство на Претседателот на Република Македонија, Ѓорѓе Иванов, во организација на Геостратешкиот институт „Глобал“, како и со поддршка од Амбасадата на САД во Македонија.

Првиот човек на Општината, Стевчо Јакимовски, ја подигна благодарницата за успешен придонес во спортот и инволвираност во проектот. -Ми претставува посебна чест и задоволство што годинашниот турнус на спортски бон-тон завршува токму во Општина Карпош, која надалеку е позната по успешното негување на спортот и традицијата. Токму овие две нешта, традицијата изразена преку старите можеби и подзаборавени детски игри како „челик“, „граница“, „сакате ли војска“ и многу други и спортскиот дух што провејува во нив, се мотивот поради кои со задоволство прифативме да бидеме дел од овој извонредно креативен проект на Геостратешкиот институт „Глобал“.

Низ пет спортски дружења што ги имавме низ сите општини низ кој мина овој „спортски караван“, имавме извонреден претставник, децата од ООУ „Братство“ од Тафталице, училиште кое по сите нишани е синоним за спортски дух, етничка сплотеност и другарство. Ова се игри кои ги бришат сите разлики меѓу децата, кои поврзуваат и зближуваат, кои го зајакнуваат борбениот дух, чувството на припадност и заедништво кон еден тим, кои тежнеат кон победа и повисоки резултати – рече Јакимовски и упати апел до сите градоначалници на државата, да издвојуваат средства за поддршка на спортски игри од ваков тип за децата, бидејќи спортот е еден од поважните сегменти за развој кај младите.

Ѓорге Иванов, претседател на Република Македонија во оваа пригода рече - Успеавме да го трансформираме сфаќањето за спортот кај младите, но успеавме да ги трансформираме и самите спортски терени од место на нетрпеливост, насилство и навреди, во простор за почитување, прифаќање и градење пријателство меѓу најмладите што ги надминуваат сите разлики. На спортските терени децата спортуваа со другарчињата кои доаѓаат од различни средини, зборуваат на различни јазици и одат во различни храмови.

Преку спортско-културни активности, во шест општини, вклучувајќи ја и општина Карпош, се водеа фер и спортски натпреварувања меѓу 150 деца од шест општини од државата: Свети Николе, Велес, Охрид, Ново Село, Маврово-Ростуше и Карпош. Овој спортски настан се одржува трета година по ред. Проектот „Традиционални игри-Спортски бон тон“ ќе продолжи и следната година со надеж за поголемо учество и заинтересираност на другите општини ширум државата и за што поголемо другарување во рамките на спортските активности.

М.Г.



Карпош Комуницира

Карпош учесник на ALLWEB 2014: Брендот не треба сам да зборува за себе, публиката треба да зборува за него



Посветена на најдобрите трендови во дигиталната комуникација. Говорници од домашната и светската сцена понудија богата и корисна содржина.



Карпош учесник на десеттата меѓународна конференција „е-Општество.мк“ тема: „Човекови права на интернет“



Слобода на изразување, говор на омраза и приватност во дигиталниот свет. Важноста на човековите права во добата на подем на интернетот и новите технологии.



Aleksandar Trajanoski Najdobriot gradonacalnik vo makedonija I posiroko pozzz gradonacalnice
Like · Reply · 1 · 19 December at 17:22

Jasmina Arsovska Tentova Gradonacalnik so visok stil.
Like · Reply · 19 December at 14:14



И во новата 2015 година ќе ги следиме новите трендови и технологии.
Карпош секогаш меѓу најдобрите.

Изработила: Ива Манова

www.karpos.gov.mk

ЈАКИМОВСКИ ПРЕД СТУДЕНТИТЕ НА УТМС

Градоначалникот на општина Карпош, Стевчо Јакимовски, пред студентите од Универзитетот за туризам и менаџмент од Скопје, одржа презентација на тема „Осврт на менаџирањето на локалната самоуправа“.

Преку едукативно предавање, тој ги запозна студентите кои студираат на насоката за туризам и економија, за функционирањето на една Општина.

Јакимовски истакна дека функцијата градоначалник подразбира не само политички, туку и менаџерски вештини и ова е работата во која се пронаоѓа најмногу и која од се срце ја работи. -Квалитетот на услугите кои ги дава локалната самоуправа се од витално значење за функционирањето на целокупниот државен апарат, затоа што најчесто граѓаните велат дека и оние ингеренции кои што ги нема локалната самоуправа, сепак се обврска на локалната самоуправа. Ако локалната самоуправа не дава соодветни резултати, тогаш јасно е дека се рефлектира и врз останатите државни институции – рече првиот човек на Општината.

Во рамките на презентацијата, градоначалникот пред студентите образложи какви приходи се слеваат во локалната самоуправа, за што се трошат и каде се употребуваат, секако во прилог на жителите на Карпош. Политиката на локалната власт ја решава Советот на општина Карпош, предводен од претседателот на Советот и Секретарот кои донесуваат одлуки во договор со советниците. Притоа, анкетите кои се спроведуваат помеѓу жителите преку целата година за тоа колку тие се задоволни од образованието на своите деца и внуци, здравствената заштита и хигиена во основните училишта и градинки, кои се во надлежност на локалната самоуправа не се занемаруваат, туку се главен ориентир



во планирање на идните активности. Посебна нагласка градоначалникот Јакимовски стави на делот на имотно-правните односи, како и на урбанизација. Општина Карпош е единствена општина која има развиено 14 урбани заедници, каде во секоја заедница има претседател и одлична комуникација со граѓаните. Сето ова, се должи на работа и труд, бидејќи локалната самоуправа треба да биде најдобар сервис на информации и услуги за граѓаните. По предавањето, на градоначалникот Јакимовски му беа поставени неколку прашања од студентите на кои даде соодветни и опширни одговори.

В.Цветковска

СЕ ЗА ВАШАТА ГРАДИНА
Тел. 02/ 3063 190
www.feroelektro.mk
MTD


ПОЛСКО КАФЕ ВО КАРПОШ

Со звуците на најдобриот полски џез, автентични „хербални инфузии“ и полски кулинарски специјалитети, во центарот „Добредојде Македонија“ (Welcome Macedonia centre) се пиеше „ноемвриското утринско кафе“.

Ова е традиционална манифестација на интернационалниот клуб „Добредојде Македонија“ (кој се наоѓа на територијата на општина Карпош) и во неа секој прв четврток во месецот се организира „утринско кафе“ со претставници од дипломатскиот кор, при што се претставува по една земја-домаќин.

Овојпат, полскиот амбасадор н.е. Јацек Мултановски со сопругата Кинга, беа домаќини на средбата на која присуствуваа мноштво гости од дипломатскиот кор, како унгарскиот амбасадор, сопругите на неколку амбасадори од земјата, господинот Фатмир Бесими, заменик претседателот на Владата на Република Македонија задолжен за европски прашања и други видни личности. Притоа, амбасадорот Мултановски одржа кратка видео презентација за полските траги во Македонија и придонесот што го дадоа полските архитекти и уметници во обновата на Скопје по земјотресот во 1963 година.



На територијата на Општината, во наслебите Козле и Тафталице се изградени полски бараки, кај нас минуваат и една од поголемите сообраќајници - булеварот Адолф Циборовски, архитектот кој го задолжи не само Карпош туку и цело Скопје во неговата реконструкција по катастрофалниот земјотрес. Во Карпош е изградена и улицата Варшавска, а полските архитекти на Скопје му го подарија Музејот на современата уметност во која се наоѓа и богата колекција на уметнички дела на познати полски автори.

„Духот на Полска, се чувствува во Карпош, во Скопје“ изјави во оваа пригода, сопругата на амбасадорот на Полска, г-ѓа Кинга Мултановски.

КАРВАНОТ НА ДЕДО МРАЗ КАЈ НАС

Дедо Мраз пристигна во општина Карпош. Најпрво, на гости им отиде на дечињата од градинките. Со прекрасна новогодишна претстава, децата од градинката „Орце Николов“ заедно со гостинчињата од едукативниот центар во Бардовци „Монтесори“, ја испратија старата 2014 година и го најавија пристигнувањето на новата 2015 година со смеа и детски џагор.

Со новогодишни песнички, „Елко-елко„, „Среќна Нова Година“, „Ангелчето со црвено носе“ и многу други, најмалите дечиња од три до шест години, ги кренаа своите рачиња и пееја пред Дедо Мраз. Дечиња ги изненади доаѓањето на ангелчето, ирвасот, Баба мразицата, а особено пристигнувањето од далечната Лапонија на долгоочекуваниот Дедо Мраз кој им ги исполнува новогодишните желби и кој најмногу ги сака.

Карванот на Дедо Мраз продолжи низ Карпош и тој ги посети сите дечиња од најмала возраст во десетте градинки кои се наоѓаат на територијата на Општината.

М.Г.



ПЕНЗИОНЕРИТЕ СПОРТУВАА И НА ДОЖД

Врнежливото време не ги спречи пензионерите од двете пензионерски здруженија во Општина Карпош, ЗП „Тафталице ДДД“ и ЗП „Карпош“, да си ги одмерат силите во петте дисциплини на годинешните Спортски пенизонерски игри. Во организација и под покровителство на Општина Карпош и Одделението за спорт и култура при локалната самоуправа, третите по ред пензионерски игри поминаа во фер и спортска атмосфера. Со своето присуство ги почести и градоначалникот на општина Карпош, Стевчо Јакимовски кој им порача: - Мило ми е што имаме добра соработка, што се поддржуваме и што имате дух за спортување. Секогаш вашите активности ги поддржуваме и ќе ги поддржуваме и натаму, при што им посака догодина да се повеселии со повеќе сила.

Дека годините не се важни се додека виталноста е присутна кај граѓаните од третото доба покажаа околу 80-на пензионери кои се натпреварувааво пикадо (мажи и жени), трчање (60 метри жени и 80 метри мажи), фрлање ѓуле (мажи и жени), влечење јаже (мажи и жени) и скок во далечина (мажи). Оваа спортско рекреативна манифестација заврши со пригоден ручек, а победниците и поразените само го зацврстија нивното долгогодишно пријателство.

Инаку победници на годинашниве пензионерски игри се: Пикадо (мажи): 1.Борче Здравковски 2.Миле Димитровски 3.Живко Велјановски Пикадо (жени): 1.Божана Божинова 2.Радка Илиоска 3.Виолета Трчање (60 метри жени): 1.Љубица Петрушевска 2.Верка Андонова 3.Пандора Тодоровска Трчање (80 метри мажи): 1.Митко Михајловски 2.Павле Трајковски 3.Ристо Димитров Фрлање ѓуле (мажи): 1.Павле Трајковски 2.Алексо Алексоски 3.Павле Марковски Фрлање ѓуле (жени): 1.Цвета Миновска 2.Лепослава Митковска 3.Борка Стојковска Скок во далечина (само мажи): 1.Ивчо Кралевски 2.Мирко Михајловски 3.Ноки Трајановиќ Влечење јаже (мажи): Победници ЗП „Тафталице ДДД“ Влечење јаже (жени): Победници ЗП „Карпош“

М.Г.



ИЗБРАНИ НОВИ РАКОВОДСТВА

Во текот на ноември и декември, кај нашите најстари сограѓани, или како што ги нарекуваат луѓето од „трето доба“ се чувствуваше посебна раздвиженост и активност. Всушност, во Здружението на пензионери „Карпош“, во неговите седум огранаци се сумираат вкупните активности во изминатиот мандатен период и се избираа нови раководства. Во рекапитуларот на сработеното, на овие работни собири беа дадени позитивни оценки за многубројните реализирани содржини. Меѓу другото, беше презентиран и податокот дека во 2014 година на 59 членови на Здружението со ниски пензии (до 12 000 денари) им е доделена еднократна помош во износ од 3 000 денари. Избрани се нови одбори на огранаците, а нивни претседатели се: Ратко Стојковски (Карпош 1 и 2), Живка Апостолова (Карпош 3 и 4), Благоја Цветановски (Тафталице 1 и 2), Трифун Донев (Владо Тасевски), Благородна Стојановска (Влае), Киро Ивановски (Козле), Миливое Ангелески (Нерези). На овие собири, пензионерите во огранаците избраа по тројца членови во Собранието на ЗП „Карпош“.

На 9 декември е конституирано Собранието на Здружението на пензионери „Карпош“ како највисок орган. За носители на највисоките функции се избрани: Јован Гиновски (претседател на Собранието) и Трајко Савески (претседател на Извршниот одбор), во кој, покрај него, се избрани и: Лидија Јеремиќ, Виолета Несторова, Живко Вељаноски, Кузман Дамески, Елена Лазарова и Димитрије Николовски.

Ж. Т.



КАРПОШ НА „НУТРИКОН 2014“

Општина Карпош преку свој претставник М-р Ирена Калајџиева Милевска – овластено лице за контрола и безбедност на храна во градинките и основните училишта, учествуваше на меѓународната Конференција за Квалитет и безбедност на храна, Здравје и Нутриционизам - НУТРИКОН 2014. На конференцијата присуствуваа 150 научници, истражувачи, професионалци, компании, невладини организации, консултанти и индивидуалци од 13 земји од светот, Република Македонија, Албанија, Босна и Херцеговина, Хрватска, Германија, Унгарија, Латвија, Пакистан, Тајван, Русија, Србија, Словачка и Турција. Презентерите на Конференцијата ги претставија своите научни и стручни трудови од областа на квалитетот и безбедноста на храната, нутриционизмот, здравството, хигиенското инженерство и најновите трендови и законски регулативи на светско ниво. Најчести теми кои беа опфатени беа: Генетски модифицираните организми и влијанието врз човекот, Состојки и додатоци во исхраната, структура и адитиви, производство и преработка на храна, прехранбено инженерство и негова одржливост, микробиолошки, физички и хемиски опасности во прехранбената индустрија, анализа на ризик, невролошко-дегенеративни и орални болести, нутритивност, меѓународни програми и проекти како и образование, иновации и трансфер на знаења. Преку своето искуство во менаџирање на контролата и безбедноста на храната во градинките и основните училишта, М-р Ирена Калајџиева Милевска оствари бројни средби со претставници од државни Институции и општини со кои го сподели своето искуство од оваа област. Беше утврдено дека ниту една друга општина во земјава,освен Општина Карпош нема компетентни лица за контрола и безбедност на храна. Од НУТРИКОН 2014 произлезе „Книга на Апстракти“ од 150 научни и стручни трудови во чиј организациски комитет учествуваше и претставничката од Општина Карпош.

И.К.М.

МАРТИНИ
КАФЕ БАР
www.martinicaffe.mk

ENRIKO
pizza & pasta

НАСМЕВКАТА Е УКРАС НА ЛИЦЕТО

Неправилната положба на забите и вилиците се чест проблем кај децата па и возрасните. Многу девојчиња и момчиња имаат криви заби или неправилен загриз. Децата се нашето богатство и затоа е потребна редовна контрола на нивните заби, за правилна и здрава насмевка за нашата идна младина!

Што најчесто не прашуваат?

Од што се состои ортодонтскиот преглед?

Ортодонтскиот преглед се состои од специјалистички детален статусен преглед со анамнеза, земање на отпечаток за студиски модели, нивна анализа и дијагноза за план и терапија со анализа на ренген ортопантомографски снимки, телерентген и фотографии.

Кога треба да се посети ортодонт?

Првиот преглед треба да се направи уште во раниот период на возраст од 30 месеци (2,5 год). Детето се запознава со ортодонтот низ едукативно дружење и игра. Мерките кои се применуваат се насочени кон откривање и одстранување на -ризик-факторот кој придонесува до потенцијална неправилност и малпозиција на дентофацијалниот ком-



Доктор Даниела Михајловска, специјалист по ортодонција во Диамод С

Какви се видови на протези постојат?

Ортодонтските протези се делат на фиксни или мобилни.

Мобилни ортодонтски протези се применуваат во млечна и мешовитата дентиција,нивната примена е различна. Со благовремена дијагноза може во потполност да се корегира малооклузијата. Терапијата трае од 6-24 месеци, а децата ги прифаќаат поради широкиот спектар на бои и слики и лесно





плекс во млечната дентиција, преку рана интерцептивна ортодонтска терапија. Ние му помагаме на детето да се одвикне од цицање на прст и усници, притисок на јазикот меѓу горни и долни заби, дишење низ уста, инфантилно голтање, начин на спиење, правилен говор, начин на исхрана и орална хигиена. Следниот ортодонтски преглед е на 7- 8 години кога се израснати првите трајни молари и централните инцизиви. Во тој период може да се исправат некои неправилности со најразновидни мобилнио функционални апаратчиња во зависност од возраста и неправилноста и да се процени просторот за сместување на трајните заби.

Одржување на здрави млечни заби е императив за обезбедување убава насмевка со правилна положба на трајните заби и правилен говор.

Најчести аномалии кои се среќаваат се (обратен преклоп, збиеност (тескобност) растреситост, прогенија (истурена долна вилица отворен загриз, вкрстен, истурени горни заби, длабок загриз или поставен заб надвор од низот или заб кој воопшто и не израснал и дијастема.

се поставуваат низ игра.Се носат преку ноќ и во текот на денот4-5 часа.

Фиксна протеза се состои од брикети и жица која ги поврзува сите заби. Се поставува некаде на 12-13 год со изникнувањето на вторите трајни молари.Во однос на материјалот може да бидат (метални класични конвенционални ,естетски (композитни ,порцелански,сафирни или во боја брикети).

Целта на ортодонтската терапија е постигнување на правилен функционален естетски изглед и загриз кој ќе овозможи оптимална функција на џвакање и говор и еднаква прераспределба на сили.Со правилната положба на забите ја олеснуваме оралната хигиена и го намалуваме ризикот на кариес, пародонтални заболувања и проблемите со зглобот.

На прашањето колку долго ќе трае терапијата? Одговорот е од 6 до 25 месеци во зависност од тежината на проблемот, типот на терапија ,возраста и степенот на подвижност на забите преку активно-ретенциски период. Не постојат две потполно исти насмевки.

ТВИТЕР ХУМОР

@zone0205
Се што не ти се допаѓа кај другите, отстрани го и од себе.





@jovanowsky

И ние што не се чекираме на фб имаме живот и шетаме, да не се секирате многу

@fstojanovski1

Порано најголем проблем ми беше кога цртав елка, да ги погодам двете страни исти.



@svlahova
- Ej ти си од твитер!?
- Шо бе ти поарен да не си...

@azhdaja

За твое добро, многу е битно да знаеш кога да игнорираш соговорник за доброто на дискусијата, а кога дискусијата за доброто на соговорникот.



@mile_panika
Среќен именден на сите што се викаат Мери и остали што слават. Значи, Мери Крисмас ... и то.

Најдобар македонски Твит за 2014 година



Дарјан Раденковиќ
@darjanr

Да го поздравиш и да ми го бациш.

2:54 PM - 29 Aug 2014

244 RETWEETS **437** FAVORITES



@buntovnikot

А ако влеземе у Европа , кој ќе остане овде ?



@therealpsmst

Имам многу шеги за маглата, ама за разлика од неа сите се провидни.



Изработила: Ива Манова

СРЕБРО ЗА ВАТЕРПОЛИСТИТЕ ОД КАРПОШ

Со две победи и два пораза, ВК „Бета”-Скопје го обезбеди второто место на традиционалниот Меѓународен пливачки и ватерполо митинг „13 ноември” кој се одржа во СЦ „Борис Трајковски”. Во организација на ВК „Бета” и СЦ „Борис Трајковски”, со финансиска поддршка на Општина Карпош, љубителите на водените спортови присуствуваа на крајно возбудливи натпревари, кои им ги приредија младите ватерполисти во категорија до 15 години. На оваа спортска манифестација, ватерполистите од ВК „Аполо”-Солун (Грција) го освоија првото место, второто место им припадна на домашните ватерполисти од ВК „Бета”-Скопје, додека, третото место го обезбедија ватерполистите од ВК „Дубочица”-Лесковац (Србија). ВК „Аполо 99”-Солун (Грција) се пласираше на четвртото место, а петтото им припадна на ватерполистите од ВК „Локомотив”-Софија (Бугарија). Највозбудлив натпревар и воедно, борба за првото место беше мечот од четвртото коло помеѓу екипите на „Бета” и „Аполо” кој изобилуваше со неизвесност до самиот крај. Инаку, домашните ватерполисти го започнаа турнирот со незгодниот пораз во првото коло од екипата од Србија, но веднаш потоа успеаја да се вратат во игра. Од натпревар во натпревар, со поголема борбеност и концентрација, ватерполистите од ВК „Бета” останаа во конкуренција за добар пласман. На оваа спортска манифестација присуствуваше градоначалникот на Општина Карпош Стевчо Јакимовски, кој во оваа пригода им ги врачи наградите на поединците и пехарите на екипите кои остварија најдобри резултати во рамките на овој турнир. За најдобар играч на турнирот е прогласен Костас Салтас од ВК „Аполо”, најдобари стрелци на турнирот се домашните ватерполисти со 14 погодоци, Давор Трифунов и Иво Ристовски од ВК „Бета”, додека нивниот соиграч Ненад Димовски е прогласен за најдобар голман.



МЕДАЛИ ЗА ЏУДИСТИТЕ ОД „ИПОН“

На Меѓународниот турнир „Адем Јашари“, кој што се одржа во Приштина – Косово, џудистите од Карпош се вратија дома со освоени прво, второ, трето и петто место во неколку категории. Талентираните спортисти од Џудо клубот „Ипон“, се натпреваруваа со над 300 млади џудисти од Косово, Црна Гора, Турција, Романија, Бугарија и Албанија. Во четири финални натпревари и четири борби, првото место го освои Хамза Јашари, Ерион Мехмети го освои второто место како и Агон Ганиу и Резарт Хисени, додека, пак, Ветон Ајдинов, Исен Демиршаји и Арбр Реџепи се вратија со освоено трето место. Џудо-надежта Ангел Ангелов го освои петтото место. На турнирот беа демонстрирани џудо вештините на карпошовите млади таленти кои ќе придонесе за правилен психо-физички развој на овие млади луѓе. Меѓународниот натпревар, кој беше од висок ранг, ги истакна резултатите од посветеното време на овој спорт кај младите џудисти, кои неуморно тренираа и дадоа се од себе за добро да ја претстават Македонија и својот домашен клуб. Спортската поддршка од Општина Карпош за успешните џудисти кои неуморно, храбро и сигурно го освојуваат врвот на меѓународните турнири во џудо, и натаму продолжува.



ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ЕВРОПСКАТА ШАХОВСКА УНИЈА ВО ОПШТИНА КАРПОШ

По повод организирањето на Европскиот екипен шаховски куп 2015, претседателот на Европската шаховска унија, Зураб Ајзмајпарашвили, од Грузија, официјално ја посети Општина Карпош и се сретна со градоначалникот Стевчо Јакимовски. Заедно со претседателот на Македонската шаховска федерација Благоја Богоевски и првите луѓе на шаховскиот клуб „Гамбит Асеко СЕЕ“, претседателот Ајзмајпарашвили, го изрази своето задоволство што токму Општина Карпош, која е најспортска општина во Македонија, ќе го организира овој голем настан кој е еден од најреномираните спортски активности во Европа.

– Ви благодарам за поддршката која несебично ја давате со сиот ваш ентузијазам и им овозможувате на врвни и квалитетни шахисти од целиот свет да си ги „одмерат“ силите во најинтелегентниот спорт на светот. Верувам дека вашата организација, заедно со Шаховската федерација на Македонија и шаховскиот клуб „Гамбит Асеко СЕЕ“, ќе успее да реализира една голема и незапаметена спортска манифестација. Додека инвестирате во шахистите, ние сите заемно инвестираме во иднината на паметниот свет. Сè е во тренингот на прстите и мозокот – рече Ајвмајпарашвили.

Како организатори на Европскиот екипен шаховски куп 2015, градоначалникот Јакимовски нагласи дека секоја година Општина Карпош организира Меѓународен шаховски турнир „ Опен Карпош “ и веќе е „кондициониран“ во организирањето вакви врвни шаховски турнири.

– Локалната самоуправа финансиски го поддржува шаховскиот турнир кој се одржува секоја година во општина Карпош, поточно во хотелот „Александар палас“, во соработка со шаховскиот клуб „Гамбит Асеко СЕЕ“, а догодина, од 10-ти до 20-ти октомври ќе ги удостоиме и најдобрите екипи во шах од цела Европа, односно околу 600 - тини шахисти од 70 европски држави. Ние веќе сме биле домаќини и сме имале средби со врвни шахисти како Кирил Ѓорѓиев од Бугарија, Александра Костењук од Русија, Маркуш Роберт од Србија, Денко Кожул од Хрватска, Ива Виденова од Бугарија, Антоанета Стефанова од Бугарија, Александра Горјачкина од Русија и многу други – истакна Јакимовски.

Љубителите на шахот ќе имаат можност да ги следат резултатите на колата на интернет и преку играта на голем број познати мајстори на шахот да ги следат во живо највозбудливите дуели. Претседателот на Европската шаховска унија беше видно задоволен од квалитетните подготовки за организацијата и идејата за следење на резултатите онлајн, при што истакна дека ова е вистинска и современа организација на еден настан од висок ранг.

М. Глигорова

Јубилеј

ДВЕ ДЕЦЕНИИ „ВОДЊАНСКИ ЛИСИЦИ“

Во 1994 год. група ентузијасти на чело со Амди Муса, сегашен спортски директор на клубот, на падините на Водно се договорија да формираат нов кошаркарски клуб, а инспирирани од скопските „бели дробови“ го нарекоа „Водњански лисици“. Темел на клубот во овие две децении беше ентузијазмот и посветеноста на работа со млади таленти. Клубот своите „батерии“ во изминативе години ги полнеше во спортските сали на основните училишта „Владо Тасевски“ и „Петар Поп-Арсов“ со поддршка од општина Карпош.

Овој клуб е еден од ретките, ако не и единствен во Македонија, кој се натпреварувал и освојувал титули во сите категории, во женска и машка конкуренција. Во женска конкуренција КК „Водњански лисици“ бил: сениорски шампион на Македонија за 2000/2001, освојувач на Куп на Македонија во 2001, вицешампион на Македонија во 2006/07, освојувач на сребрен медал во Купот на Македонија во 2007, шампион на Македонија во младинска конкуренција за 2006/07 и 2007/08 и шампион на Македонија во кадетска конкуренција во 1997 и 2002. Боите на клубот досега ги бранеле стотина кошаркарки, од кои некои настапувале и за дресот на Македонија (Бојана Самарџиска, Една Муса, Ханка Муса, Деспина Поповска, Кристина Стојановска и др.).

Во машка конкуренција овој клуб го освоил шампионатот на Македонија во младинска конкуренција во 1997 и 2001, бил шампион на Македонија во кадетска конкуренција во 1997 и 2001, освоил второ место во Втората лига во 2011/12 и 2013/14 и пласман во I-та лига. Во оваа јубилејна година, клубот за првпат се натпреварува во најсилната конкуренција во I-та лига. И во машките екипи играле стотици кошаркари од кои посебно треба да се истакнат репрезентативците: Предраг Самарџиски, Јане Петровски, Иван Наумовски, Тоше Трајковски, Владимир Мирковски, Владо Мисајловски, Александар Софкоски и други.





Овие постигнувања беа мотив да се одбележи јубилејот по повод 20 годишнината од неговото основање со одигрување на ревијален натпревар против своите „комшии“ од општина Карпош, КК „Карпош Соколи“. Во неизвесен и интересен натпревар, победник беше екипата на гостите која победи со резултат 86:83.

По одигрување на натпреварот беше организирана пригодна свеченост на која, покрај роденденската торта, беа доделени и плакети на најдобрите играчи, како и на организации и поединци кои дале несебичен придонес во развојот на клубот. Со голема чест клубот додели голема плакета и на Општина Карпош, која ја прими градоначалникот Стевчо Јакимовски. Останува да им посакаме уште многу јубилеи и успеси во претстојните години, децении... Среќен роденден „Лисици“.

Ива Манова

ЗЛАТНИОТ БОКСЕР ОД КАРПОШ



Филип Димитров, младиот боксер од Карпош неодамна го донесе златото во својот клуб боксерскиот клуб „Универзалци“, во својата општина и стана најмлад државен првак во Република Македонија.

Филип Димитров е бисерот од Карпош во македонскиот бокс. Тој тренира уште од 12 годишна возраст и има предиспозиции да стане врвен боксер, со врвни резултати. Младото 14 годишно момче, кое целосно е посветено на спортот, нема многу слободно време,но тоа не му пречи да биде добар ученик. И покрај сите обврски наоѓа време за излегување и дружење со другарите. Тој има сé што е потребно за да стане врвен боксер во рангот на Аце Русевски, Мате Парлов...

Боксерскиот клуб „Универзалци“ од Карпош, каде се „изнедри“ Филип, од 2002 год. до денес опстојува на спортската сцена и ниже успеси. За сето она што го постигнува клубот најзаслужен е некогашниот државен првак, а денес „срцето“ на клубот, Васко Цубалевски. Васко Цубалевски од неодамна се здоби со тренерска лиценца, ѕвезда од АИБА, прва категорија.

Во клубот тренираат деца кадети јуниори и сениори кои со напорни тренинзи постигнуваат одлични резултати. Најважно од сé е дека бојот на млади членови е се поголем и сакаат да бидат дел од ова спортско семејство. Со напорните тренинзи оваа година Б.К. „Универзалци“ освои злато, две сребра и една бронза. Заслужни за овој успех се и вицедржавните прваци: Мартин Богески, Љубен Селев и дузина други. Голема заслуга има и општината Карпош и градоначалникот Стевче Јакимовски за подршката во спортот

Боксерскиот клуб „Универзалци“ има капацитет да биде прв во Македонија и надвор од неа.

М.Г.





Јоана Станиќ

Јануари '15

ОВЕН: Почетокот на годината не е многу погоден за започнување на нови бизниси. Потрудете се времето да го поминувате во рамките на фамилијата и причекајте погоден момент за реализирање на замислените проекти. Паровите во долги врски ќе планираат венчавки.

БИК: Месец со многу добри возбудувања, со сумирање на целокупните празнични впечатоци. И покрај тоа што ќе бидете расеани, сепак, на време ќе ги завршите обврските. Во љубовта може да правите мала пауза и пожелно е да се одалечите некое време. Намалете со пороците.

БЛИЗНАЦИ: Многу луѓе ќе се потпираат на вас што воедно ќе ви ја одзема енергијата и потрудете се да ги натерате да мислат со своја глава. Во љубовта одлично ќе ви оди со саканата личност, а тие кои се од скоро во врска ќе поминат незаборавни романтични моменти. Спортувајте.

РАК: Почетокот на оваа година ќе биде обележен со тешко фокусирање на работата и слаба проценка на работните потфати. Преиспитајте ги емоциите кон партнерот. Вознемиреноста на нервниот систем може да се рефлектира на желудецот. Прошетки во природа.

ЛАВ: Месецов е одличен за вашите сјајни идеи. Преполни сте со енергија, нови идеи и голем дел од работите ќе успеете да ги реализирате. Во љубовта постојано ќе имате предизвици и нови лица.Потрудете се од новонастанатите познанства да извлечете максимум. Здравје добро.

ДЕВИЦА: Ќе бидете преоптоварени со работни обврски. Внимавајте кога ќе потпишувате договори, јануари не е погоден за започнување на нови бизниси. Во љубовта ви следи мирен период и потрудете се повеќе внимание да му посветите на партнерот. Уморот ќе си го направи своето, поработете на имунитетот и одморајте повеќе.

ВАГА: Полни со динамика и ентузијазам ќе ја започнете новата година. Ги имате сите наклоности од ѕвездите да напредувате и да успеете. Во љубовта ќе бидете заводливи и харизматични, едноставно ќе блескате. Доброто расположение ќе ви го подобри здравјето.

СКОРПИЈА: Проблемите од минатата година ќе останат далеку зад вас. Јануари ќе ви донесе нови почетоци и успеси. На љубовен план, голем број Скорпии ќе бидат заљубени и ќе планираат врските да ги крунисаат со брак. Спортувајте.

СТРЕЛЕЦ: Ќе морате многу новитети да внесете во работењето. Внимавајте на вашата експлозивност која може да ви донесе многу проблеми. Марс во трето поле бара многу внимание во сообраќајот и комуникацијата. На љубовен план статус кво. Здравје солидно.

ЈАРЕЦ: Потрудете се на време да ги разрешите заостанатите работи бидејќи во спротивно поради зголемениот обем на работа нема да можете навремено да ги извршувате задачите. Партнерот ќе ви посветува повеќе време и внимание. Навремено правете редовни контроли на здравјето, посебно оние кои имаат проблеми со нервите и високиот притисок.

ВОДОЛИЈА: Ќе работите премногу и потрудете се да најдете и време за одмор. Ви се отвораат нови хоризонти. Во љубовта ви следи изненадување и е одличен период за нови романси, врски, авантури. Обратете внимание на хормоните и престојувајте повеќе во природа.

РИБИ: По 10 јануари ви се отвораат можности за нови работи кои воедно ќе бидат поврзани со странство. Следи успех. Голем дел од љубовните врски ќе бидат на преиспитување,а слободните ќе имаат можност за нова љубов. Движете се повеќе и внимавајте на исхраната.



Бахова цветна терапија

ЦЕРАТО (CERATOSTIGMA WILMOTTIANA) – МОДРО ОКО



Церато е за личности кои не веруваат на сопствените чувства ни размислувања при донесување на одлуки.

Иако сопствените желби и потреби се познати, без разлика на искуството и знаењето, и иако имаат интуитивно одговор на тоа прашање, постојано другите ги прашуваат за совет и потврда.

Постојано ги прифаќаат советите на другите личности, наместо да се потпрат на сопствените потреби, чувства и размислувања. Личноста не се осмелува да направи нешто спонтано и ја нервираат својата околина со постојани прашања и барање совети за секоја дребулија, бидејќи се плашат дека ќе направат нешто погрешно. Околината оваа личност ја опишува како несигурна, несамостојна, без интуиција, понекогаш и глупа. Болниот е подготвен да ги проба сите можни терапии и совети на другитеелосно се информираат,читаат иако не се подготевни да го искористат новостекнатото знаење. Не сакаат интуитивно да размислуваат, тоа дури и ги одбива, и не веруваат на сопствените одлуки, ниту на сопственото мислење. Доколку донесат одлука за нешто, веќе во следниот миг доаѓа прашањето дали таа одлука била исправна или требало да се одлучат за нешто друго.

Позитивниот потенцијал на Церато билката е да се покаже верба во сопственото знаење, мудрост и интуиција. На ненаметлив начин стануваат посигурни и порешителни, го наоѓаат вистинскиот животен пат кој го следат со задоволство.

Препаратот Церато е за луѓе кои се многу несигурни во себе, во сопственото знаење и искуство. Патат од ментална конфузија, недостаток на концентрација, лоша координација на движењата...

Со земање на препаратот личноста стекнува верба во себе и може да ги брани сопствените ставови.Овој препарат ја буди сигурноста.

Болести од кои можат да патат Церато личностите: ментална конфузија посебно кај повозрасни лица, пореметена рамнотежа и координација, лоша концентрација, хипертензија, астма, несоница, анксиозност, стрес, зависност од цигари, дроги, артериосклероза, спорост во лечење, колебливост, лесновернос.

Јоана Станиќ





ДОМ ЗА СТАРИ ЛИЦА
"ЕЛИСАВЕТА"

Дом за стари лица "Елисавета"

02/30-62-021
02/61-46-880
078/43-41-49

Готова Јадења

ДОМАШНИ ЈАДЕЊА КАКО ШТО ГИ ПРАВИ МАМА...

СО ВКУСОТ НА МАМА

ВРЕДНОСЕН ВАУЧЕР

Вие сте добитник на ВКУСЕН вредносен ваучер **60** *ден*

КОМПЛЕТНО НОВОГОДИШНО И БОЖИЌНО МЕНИ

- Пилешка салата
- Погачи
- Сарма
- Пилешки прсти
- Печење
- Домашна пита
- Руска салата



НАЈЕФТИНИ ЦЕНИ НА ГОТВЕНА ХРАНА ВО ГРАДОТ!

Т.Ц. Лептокарија (веднаш до Канела)
тел. 02/ 30 66667

отсечете го овој ваучер и нарачајте нешто по ваш вкус...

Општина Карпош





Новата 2015 година

нека Ви биде година на љубов, успех и здравје.

Мир, радост и благосостојба во Вашите семејства.

ЈАНУАРИ

Н	П	В	С	Ч	П	С
				1	2	3
4	5	6	7	8	9	10
11	12	13	14	15	16	17
18	19	20	21	22	23	24
25	26	27	28	29	30	31

ФЕВРУАРИ

Н	П	В	С	Ч	П	С
1	2	3	4	5	6	7
8	9	10	11	12	13	14
15	16	17	18	19	20	21
22	23	24	25	26	27	28

МАРТ

Н	П	В	С	Ч	П	С
1	2	3	4	5	6	7
8	9	10	11	12	13	14
15	16	17	18	19	20	21
22	23	24	25	26	27	28
29	30	31				

АПРИЛ

Н	П	В	С	Ч	П	С
			1	2	3	4
5	6	7	8	9	10	11
12	13	14	15	16	17	18
19	20	21	22	23	24	25
26	27	28	29	30		

МАЈ

Н	П	В	С	Ч	П	С
					1	2
3	4	5	6	7	8	9
10	11	12	13	14	15	16
17	18	19	20	21	22	23
24 31	25	26	27	28	29	30

ЈУНИ

Н	П	В	С	Ч	П	С
	1	2	3	4	5	6
7	8	9	10	11	12	13
14	15	16	17	18	19	20
21	22	23	24	25	26	27
28	29	30				

ЈУЛИ

Н	П	В	С	Ч	П	С
			1	2	3	4
5	6	7	8	9	10	11
12	13	14	15	16	17	18
19	20	21	22	23	24	25
26	27	28	29	30	31	

АВГУСТ

Н	П	В	С	Ч	П	С
						1
2	3	4	5	6	7	8
9	10	11	12	13	14	15
16	17	18	19	20	21	22
23 30	24 31	25	26	27	28	29

СЕПТЕМВРИ

Н	П	В	С	Ч	П	С
		1	2	3	4	5
6	7	8	9	10	11	12
13	14	15	16	17	18	19
20	21	22	23	24	25	26
27	28	29	30			

ОКТОМВРИ

Н	П	В	С	Ч	П	С
				1	2	3
4	5	6	7	8	9	10
11	12	13	14	15	16	17
18	19	20	21	22	23	24
25	26	27	28	29	30	31

НОЕМВРИ

Н	П	В	С	Ч	П	С
1	2	3	4	5	6	7
8	9	10	11	12	13	14
15	16	17	18	19	20	21
22	23	24	25	26	27	28
29	30					

ДЕКЕМВРИ

Н	П	В	С	Ч	П	С
		1	2	3	4	5
6	7	8	9	10	11	12
13	14	15	16	17	18	19
20	21	22	23	24	25	26
27	28	29	30	31		